РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1659/8
19-06-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), врз основа на член 22 став 1 и 3, член 23 став 1, член 24 став 1, член 40 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа, а во врска со член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24) постапувајќи по предмет оформен по пријава со наводи за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, на 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предмет број 12-1659/1 од 23.05.2024 година, **СЕ ЗАПИРА**.

Наводите изнесени во пријавата со број 12-1659/1 од 23.05.2024 година **СЕ ПОТВРДУВААТ**.

**СЕ КОНСТАТИРА** повреда на одредбите од член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и член 109 став 2 од Законот за здравствената заштита.

Државната комисија за спречување на корупцијата **ЌЕ ПОСТАПИ** согласно член 17 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1659/1 од 23.05.2024 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето, а истата согласно член 24 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси да се достави до подносителот на пријавата и органот во кој службеното лице врши јавни овластувања.

# Образложение

На ден 23.05.2024 година, до ДКСК е доставена Претставка од познат подносител, без адресни податоци заведена под бр. 12-1659/1, со укажување за сторени повреда на член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, член 8-а став 1 алинеја 3 и 86 од Изборниот законик, и одредбите од Законот за здравствена заштита, а од страна на:

1. Министерот за ----------- на Република Северна Македонија, -----------, при донесување на одлука за разрешување на Медицински директор на ЈЗУ Универзитетска клиника за ----------- (во натамошниот текст ЈЗУ УК за -----------)

и од страна на

2. ----------- директор Јавната здравствена установа ЈЗУ УК за -----------, -----------, при склучување на договори на дело со здравствени работници и соработници, за времетраење на постапката за Избор на пратеници на Собранието на Република Северна Македонија.

ДКСК, постапувајќи согласно член 23 став 1 и став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по предметната претставка оформи предмет и се обрати до надлежните институции, а со цел прибавување на потребни податоци и информации заради целосно утврдување на фактичката состојба.

Од страна на Државниот санитарен и здравствен инспекторат – Подрачно одделение Скопје (во натамошниот текст: ДСЗИ ПО Скопје), на ден 28.05.2024 година, беа доставени бараните податоци.

Од извршениот увид во целокупната документација по оформениот предмет, ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 14.02.2024 година, Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, донесе Решение за распишување на избори за пратеници на Република Северна Македонија, број 09-1169/1, заведено во Државната изборна комисија под број 10-435/1.

По распишувањето на изборите, ----------- директор на ЈЗУ УК Клиника за -----------, на ден 28.03.2024 година, ги известил работниците чии договори се истечени дека нивните обврски со Клиниката се завршени, се до нивно повторно ангажирање, а согласно забраните предвидени во член 8 став 1 алинеја 3 од Изборниот законик.

И покрај известувањето на ----------- директор, 11 (единаесет) здравствени работници продолжиле да евидентираат присуство во работните простории на Клиниката, без склучен договор за вработување, кое нешто е утврдено од страна на ДСЗИ ПО Центар, во постапка за извршен инспекциски надзор заведена со број ----------- од 04.04.2024 година.

Од страна на ДСЗИ ПО Центар, во постапка за извршен инспекциски надзор, со Решение ---------- од 05.04.2023 година, констатирани се повреди на Законот за здравствената заштита, при што изречена е опомена на ЈЗУ УК за ---------- во врска со законската обврска за укажување на здравствени услуги на клиниката од страна на здравствени работници и здравствени соработници со **важечки договори** за вработување согласно со закон, и образование согласно закон, како и обврската за непречено извршување на должностите на ------------------------------ директор на клиниката од самостојна и особено заедничка надлежност согласно закон, односно обврската за постапување на Управниот одбор на клиниката во временски рокови согласно закон при непотпишување на акти од двајцата директори кои што се од заедничка надлежност на истите.

Од страна на ДСЗИ ПО Центар, во постапка за контролен инспекциски надзор број ----------- од 30.04.2024 година, констатирано е дека и покрај изречената опомена, наведените лица, без договор за вработување и понатаму се евидентираат во електронскиот систем по што е изречено Решение заведено под број ИП1-број 09-115 од 30.04.2024 година со кое се изрекува забрана на ЈЗУ УК за ---------- да овозможува пристап до работните простории на здравствени работници и соработници без договор за вработување.

На ден 14.05.2024 година, Министерот за ----------, донесе Решение заведено под број ----------- со кое го разреши ---------- директор на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за ----------, ---------- пред истекот на времето за кое е именуван.

Во јавното соопштение на Министерството за ----------, објавено на ден 14.05.2024 година на страницата на Министерството, наведено е дека причина за разрешувањето е несовесното постапување на ---------- директор кое се должи на непродолжување на договорите за дело на 18 лица.

На ден 23.05.2024 година, по извршен вонреден инспекциски надзор, ДСЗИ констатира дека на ден **15.05.2024 година** се склучени нови договори на дело со 11 (единаесет) здравствени работници, кои договори се потпишани само од ---------- директор, иако должноста директор согласно член 105 од Законот за здравствената заштита ја извршуваат две лица.

**Решението за разрешување на Директорот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за ----------, заведено под број ---------- од 14.05.2024 година е донесено по распишувањето на изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, односно пред донесување на Заклучокот за завршување на изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.**

**Договорите за дело со 11 (единаесет) здравствени работници со ЈЗУ УК за ---------- се склучени по распишувањето на изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, без да се земат во предвид одредбите од Законот за здравствената заштита.**

Согласно член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: *„Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на градот Скопје, не може: да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи."*

Согласно член 100 став 1 од Законот за здравствена заштита: *„Со јавната здравствена установа управува управен одбор."* Согласно член 109 став 5 од истиот закон: *„Доколку управниот одбор утврди постоење на некои од основите за разрешување на директорот на јавната здравствена установа, за тоа го известува здравствениот совет, кој е должен да достави предлог за разрешување на директорот за кого ќе се утврди постоење на основа за разрешување."*

*Согласно член 109 став 2 од Законот за здравствената заштита: „Актите и финансиските документи од заедничка надлежност на директорите на јавната здравствена установа од членот 105 од овој закон ги потпишуваат двајцата директори."*

*Согласно член 109 став 3 од Законот за здравствената заштита: „Ако актот или финансискиот документ од став (2) на овој член е потпишан само од едниот директор се смета дека истиот не е потпишан."*

Од фактичката состојба, ДКСК утврди дека наводите изнесени во поднесената Претставка се основани, поради тоа што со донесувањето на Одлуката за разрешување на ---------- директор во Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за ----------, и со склучувањето на нови договори за дело на Клиниката со 11 (единаесет) здравствени работници, не се испочитувани забраните утврдени во член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик, како и одредбите од Законот за здравствената заштита односно:

1. Од страна на Министерот за ----------, ----------, донесено е решение за разрешување на директор пред истекот на времето за кое е именуван, во период кога сеуште не

**бил завршен Изборот на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.**

**2. Од страна на ---------- директор на ЈЗУ УК за ----------, ---------- потпишани се договори на лица без да биде почитувана постапката за нивно склучување.**

Дополнително, со ваквото постапување, сторени се и повреди на цитираните одредби од Законот за здравствената заштита.

Од Решението број ---------- од 05.04.2024 година со кое се разрешува директорот, не произлегува дека Министерот за ---------- во постапката за разрешување постапувал по предлог на здравствениот совет, ниту пак дека од страна на управниот одбор, како орган кој управува со здравствената установа е утврдено постоење на основи за разрешување на директорот. Во ваков случај, здравствениот совет бил должен да достави предлог за разрешување, од кој предлог би можело да се утврди постоење на основ за разрешување. Од тоа, дополнително произлегува дека постапката за разрешување не е спроведена согласно со закон, односно решението е донесено без на истото да претходи соодветна постапка согласно Законот за здравствената заштита.

Договорите за дело се потпишани само од страна на ---------- директор и покрај обврската актите и финансиските документи од задничка надлежност на директорите на јавната здравствена установа да ги потпишуваат двајцата директори. Дополнително, на наведените лица, извршени им се исплати по дадено овластување на ---------- директор, во услови кога за работите се надлежни двајцата директори.

Имајќи го предвид сето погренаведено, ДКСК констатира дека во конкретниот случај наводите содржани во Пријавата со број 12-1659/1 од 23.05.2024 година, за сторени повреди на одредбите од членот 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик како и член 109 став 2 и став 3 од Законот за здравствената заштита, се основани, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител
Одобрил: м-р Ц.Р., член

Доставено до:
-органот во кој службеното лице врши јавни овластувања